РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-132/12
17 11 2015 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 138, став 8 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола**

1. Со ова Решение се издава Б – интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги „ДИНЕ ТРЕЈД" ДОО увоз – извоз Крива Паланка.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

***Образложение***

Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги „ДИНЕ ТРЕЈД" ДОО увоз – извоз Крива Паланка, поседува Дозвола за усогласување со оперативен план (бр. 29-132/1 од 20.01.2015 година) издадена од Општина Крива Паланка. Од нивна страна до Општина Крива Паланка беше доставено известување за степен на реализација на активностите од Оперативниот план (бр. 29-132/6 од 16.06.2015 година).

Од страна на овластен инспектор за животна средина е извршен увид во инсталацијата, при што е изготвен Записник од извршен инспекциски надзор (уп. бр. 28-121/2 од 10.07.2015 година) по кој Записник е изготвено Решение (уп. бр. 28-121/3 од 10.07.2015 година) со кое Решение, операторот се задолжува да достави: Договор со овластен оператор за превземање на отпадни гуми; Договор за остварено водно право за користење и експлоатација на природни богатства согласно со член 126 став 8 од Законот за животна средина; и Предлог програма за подобрување на работата на инсталацијата и заштитата на животната средина. Врз основа на доставената документација од страна на овластен инспектор за животната средина беше изготвен Заклучок (уп. бр. 28-121/6 од 25.09.2015 година со кој се утврдува дека се исполнети условите за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола.

По комплетирање на документацијата Општина Крива Паланка ја започна постапката за изготвување на Б – интегрирана еколошка дозвола.

Изготвена е Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола и истата е објавена во еден дневен весник ( Утрински весник) и на веб страната на Општина Крива Паланка (krivapalanka.gov.mk) со податоци каде јавноста може да изврши увид во нацртот на дозволата со предвиден рок од 14 дена за достава на евентуални забелешки по истата. Во дадениот рок не беа доставени никакви забелешки по нацртот на дозволата.

Исто така, Општина Крива Паланка ја достави Нацрт Б – интегрираната еколошка дозвола и до Операторот на инсталацијата и му беше даден рок од 14 дена за евентуални забелешки. Во дадениот рок од страна на Операторот не беа доставени никакви забелешки во однос на нацртот на дозволата.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Градоначалникот на Општина Крива Паланка одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил: Оливер Стојановски

Контролирал и одобрил: Добривој Николовски

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл. Правник Арсенчо Алексовски